# Процесно-правни аспекти на постапката за одземање на деловната способност

Вонпарнична постапка

Посебни постапки (уредување лични состојби)

Одземање и враќање на деловна способност

# 1. ОДЗЕМАЊЕ ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ

Во постапката за одземање на деловната способност судот одлучува за делумно или целосно одземање на деловната способност на лице кое, поради душевно заболување, слабоумност, употреба на алкохол или други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, не е во состојба да се грижи за себеси и за заштита на своите права и интереси.

# 2. ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА СПОСОБНОСТ

Кога ќе престанат причините поради кои на лицето му е одземена деловната способност, судот одлучува за делумно или целосно враќање на деловната способност на тоа лице.

# ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОСТАПКАТА

- Итност на постапката
- Тајност на постапката
- Официјалност – постапување  на судот по службена должност
- Активно улога на судот во постапката
- Неможност за склучување на судско порамнување, одрекување или признавање на барање
- Начело на акузаторност

# ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Постапката за целосно или делумно одземање на деловна способност се поведува:

- судот поведува по службена должност
- по предлог од брачниот другар, дете, внук, родител, дедо, баба, брат, сестра и секој друг кој со тоа лице живее во трајна заедница, и
- по предлог од надлежниот центар за социјална работа.

# НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОТ

- СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ

  За постапување и одлучување во вонпарничната постапка, односно во постапката за одземање на деловна способност се надлежни основните судови.

  Во вонпарничната постапка постапува судија поединец.

- МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ

  За одземање на деловна способност на лице државјанин на Република Македонија, надлежен е судот на чиешто подрачје лицето име живеалиште, односно престојувалиште.

  Ако лицето нема живеалиште, односно престојувалиште во Република Македонија, надлежен е судот на чие подрачје тоа лице имало последно живеалиште, односно престојувалиште.

# ОДРЖУВАЊЕ НА РОЧИШТЕ

- На рочиштето се повикуваат предлагачот и привремениот застапник, односно старателот.
- Ако има услови ке се сослуша и лицето према кое се води постапката
- Судот е должен да ги сослуша и лицата кои можат да дадат податоци за животот и поведението на лицето спрема кое се води постапката, а по потреба за тие факти може да прибави податоци

# Положба на лицето спрема кое се води постапката

- Испитување на лицето спрема кое се води постапката;
- Преглед на лицето спрема кое се води постапка;
- Времено задржување во ЈУ за душевни болести.

# Одлуки на судот и нивно дејство

- Во постапката за одземање на деловна способност судот одлучува со решение.
- Решението за одземање на деловната способност и за враќање на деловната способност има правно дејство *од денот кога решението му е доставено* на лицето на кое се однесува, односно на неговиот застапник.
- Одлагање на правното дејство на решението до правосилноста.

# Одлагање на донесување на решението за одземање на деловна способност

- Услови за одлагање на решението:

1) да е донесено во постапка за делумно одземање на деловна способност.
2) Причини за поведување на постапката да е употреба на алкохол или други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори
3) Да се подложило на лекување во соодветна установа.

- Времетраење на одлагањето: 6 до 12 месеци.

- Отповикување на одлагањето.

# Измени на решението за одземање на деловна способност

Ако по донесувањето на решението за целосно одземање на деловната способност се утврди дека состојбата на лицето на кое се однесува решението е поправена толку, што е доволно и делумно способно, судот може да го измени решението и да определи делумно одземање на деловната способност.

Измена на решението за одземање на деловна способност судот врши по службена должност или по предлог од лицата, односно органот од членот 36 на овој закон, како и од лицето на кое му е одземена деловната способност и неговиот старател.

# Достава на решението за одземање на деловната способност

- Правосилното решение за одземање на деловната способност, за враќање на деловна способност и за измена на решението за одземање на деловна способност судот ќе го достави до:

- надлежниот орган за водење на матичните книги на родените - заради запишување,

- до надлежниот орган за запишување во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите,

- ако лицето на кое се однесува решението има недвижен имот и до центарот за социјална работа.

# Редовни и вонредни правни лекови

- Жалба на решение:

➢ Рок за жалба - 15 дена (итна постапка)?

➢ Субиекти за изјавување на жалба - лицето на кое се однесува решението, старателот, предлагачот и центарот за социјална работа.

- Дозволена е ревизија!

# Трошоци на постапката

- Трошоците на постапката за одземање на деловната способност паѓаат на товар на лицето на кое му е одземена деловната способност.

- Ако постапката е водена по предлог од овластено лице, а предлогот е одбиен, трошоците паѓаат на товар на предлагачот.